ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ГОДИШЕН ПЛАН

# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА РЕВИЗИИТЕ ЗА 2021 ГОДИНА

**декември 2020 година**

Врз основа на член 9 алинеја 16 од Законот за државната ревизија („Службен весник на РМ“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015, 27/2016 и 83/2018), точка 3.3. од Упатството за осигурување квалитет на ревизиите, број 07-622/1 од 22.10.2015 година а во врска со точка 2 од Решението за формирање на Ревизорски тим за спроведување на постапки за осигурување на квалитет на извршените ревизии број 02-267/1 од 13.02.2018 година, Главниот државен ревизор донесе:

## ГОДИШЕН ПЛАН
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА РЕВИЗИИТЕ ЗА 2021 ГОДИНА

Функцијата на осигурување на квалитет на ревизиите е независна од процесот на ревизијата и претставува проверка на квалитетот на извршените ревизии од лица независни од ревизиите за да му обезбеди уверување на менаџментот на Државниот завод за ревизија (ДЗР) дека квалитетот на извршените ревизии е на прифатливо ниво.

Главните насоки за реализација на функцијата осигурување на квалитет во ДЗР се дадени во Упатството за осигурување квалитет на ревизиите број 07-622/1 од 22.10.2015 година.

Функцијата на осигурување на квалитет на ревизиите од страна на тим за проверка од вработени лица во ДЗР по завршување на ревизиите (интерна проверка-cold review) треба да обезбеди: подобрување на работењето и резултатите од извршените ревизии, можност за самопроценка на извршената ревизорска работа, утврдување на евентуалните потребите од обуки на ревизорите со што ќе се придонесе за одржување на висок степен на интегритет, отчет и компетентност на ревизорската работа.

Проверките треба да бидат транспарентно спроведени на објективен и конструктивен начин и истите ќе вклучат проверка на ревизорската документација, дискусии со ревизорските тимови и проверка на ревизорските извештаи и нивната усогласеност со стандардите и интерните акти на ДЗР.

Проверката ќе ги опфатат сите фази на една ревизија, планирање, извршување и известување и тоа: опфатот и целта на активностите, планирањето, интерниот контролен систем, тестовите на контрола, ревизорските програми, аналитичките постапки, деталните постапки, евалуацијата на резултатите, како и извршените проверки од страна на раководните лица на ревизиите, усогласеноста со законите и регулативите, сметководствените проценки, издадениот извештај и дадениот одговор на забелешки.

Извештаите од извршените проверки треба да содржат значајни прашања и препораки заради подобрување на ревизорската работа.

При селекцијата за избор на ревизии кои ќе бидат предмет на проверка на осигурување на квалитет во Годишниот план за 2021 година земени се во предвид

следните критериуми:

- ревизиите кои се реализирани од сите сектори на ДЗР од Годишната програма за 2020 година,
- опфатени се различни видови на ревизија, ревизии од различни области и сметководствени политики и системи како и нивна значајност,
- кај ревизијата на регуларност опфатени се различни видови на ревидирани субјекти, според нивната надлежност и дејности,
- опфатена е ревизијата на Буџетот на РСМ, која што не била предмет на осигурување на квалитет во претходниот период, а за истата е од особен јавен интерес.

Со Годишниот план за осигурување на квалитет на ревизиите за 2021 година ќе бидат опфатени ревизии од Годишната програма на ДЗР за 2020 година, и тоа:

1. Ревизија на регуларност кај Природно математички фактултет - проверката ќе се спроведе во период 01.02 – 30.04.2021 година од страна на Бранислав Гулев,
2. Ревизија на регуларност кај ЈЗУ Општа болница Гостивар - проверката ќе се спроведе во период 01.02 – 30.04.2021 година од страна на Снежана Лулевска,
3. Ревизија на регуларност кај Основен буџет на Република Северна Македонија – проверката ќе се спроведе во период 03.05. – 31.08.2021 година од страна на Бранислав Гулев,
4. Ревизија на успешност на тема „Ефикасност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право" – имплементација на препораки – проверката ќе се спроведе во период 03.05. – 31.08.2020 година од страна на Снежана Лулевска,
5. Ревизија на успешност/ревизија на усогласеност на тема „Спроведување на Закон за постапување со бесправно изградени објекти во општина Струга" - проверката ќе се спроведе во период 01.09. – 31.10.2021 година страна на Снежана Лулевска,
6. Ревизија на успешност/ревизија на усогласеност на тема „Спроведување на Закон за постапување со бесправно изградени објекти во општина Охрид" – проверката ќе се спроведе во период 01.09. – 31.10.2021 година од страна на Бранислав Гулев,
7. Ревизија на регуларност кај Министерство за култура - проверката ќе се спроведе во период 01.11. – 31.12.2021 година страна на Бранислав Гулев.
8. Ревизија на успешност/ревизија на усогласеност на тема „Капитални трансфери кон ЕЛС од Буџетот на Република Северна Македонија" - проверката ќе се спроведе во период 01.11. – 31.12.2021 година од страна на Снежана Лулевска,
9. Осигурување на квалитет на ревизии во тек на спроведување, со кое ќе бидат опфатени по еден субјект од секој сектор за ревизија од Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година.

**Главен државен ревизор**
**М-р Максим Ацевски**

Скопје, бр. 01-1090/1
Датум 25.12.2020